Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак ____ год. Рок на чување ____ 20 ____ год. Потпис,

**Ип. 1 бр.** 57-90/2021
**Датум:** 05.01.2022 г.

Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура преку главен инспектор за култура со службена легитимација број 24-0001, изврши контролен онреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор, Здружението - ЕДНАКВИ ЗА СИТЕ од Кочани, со деловно седиште на ул. во Кочани, застапувано од претседател на Здружението, со ЕМБГ и со Записник Ип.1 бр. 57-90 од 30.12.2021 г., ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 85 точка 1 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**

1) На Здружението - ЕДНАКВИ ЗА СИТЕ од Кочани, му СЕ НАРЕДУВА во врска со неправилноста утврдена со Записникот од извршен контролен инспекциски надзор Ип 1 бр. 57-90 од 30.12.2021 г., да ја преземе следнава мерка:

- да ги врати авансно преведените средства во износ од 252.000,00 денари, наменети за реализација на Проектот „Заштита на етнолошкото наследство со развој на традиционалните вештини за употреба во културниот туризам", согласно со Договорот бр. 31-5913/1 од 03.05.2019 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство за 2019 година.

Средствата да бидат вратени со налог ПП 50, пополнет на следниот начин: Назив на примач – **Буџет на РСМ**, Банка на примач–**НБРСМ**, Трансакциска с-ка - **100-0000000-630-95**, Сметка на корисник-**6300100019-630-19**, Приходна шифра **725939**, Програма-**00**, Повикување на бр. задолжување – **464990-80-180100042663712,** Цел на дознака–поврат на средства за **180100042663712** за **464990 - 80**.

2)Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 од ова решение изнесува 15 дена од приемот на Решението.

3)Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 од ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

**Образложени**

Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, врз основа на член 68 и член 82 став (1) од Законот за културата, преку , главен инспектор за култура со службена легитимација број извршИ контролен инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор – Здружение - ЕДНАКВИ ЗА СИТЕ од Кочани, со деловно седиште на ул. „ во Кочани, застапувано од претседател на Здружението, со ЕМБГ и со Записник Ип. 1 бр. 57-90 од 30.12.2021 г., врз основа на увидот во документацијата и евиденцијата на Министерството за култура и Министерството за финансии, ја утврди фактичката состојба, во којашто е констатирано дека субјектот на надзорот, во рокот определен со инспекцискиот акт од 09.11.2021 г., **НЕМА постапено по Решението со опомена Ип 1 бр. 57-90 од 09.11.2021 г.,** односно дека ги нема вратено авансно преведените средства во износ од 252.000,00 денари, во Буџетот на РСМ. Имено, субјектот на надзорот, нема постапено по задолжението, „веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка", поради што на 22.12.2021 г. од службениот мејл до овластеното лице на Здружението е испратено барање инспекторот да биде известен писмено или по електронската пошта, дали од страна на Здружението е постапено по Решението, односно дали во Буџетот на РСМ, се вратени авансно добиените средства, а на 29.12.2021 г., од службениот мејл е испратено барање и до Секторот за финансии на МК, да побараат податоци од Министерството за financии, со цел да проверат дали од 09.11.2021 г., од страна на Здружението се вратени авансно преведените средства.
При изрекувањето на инспекциската мерка-наредба за отстранување на утврдената неправилност, предвид се земени член 14, член 79 став (2) точка 6 и член 83 став (3) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19).

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение незадоволната странка може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Државнатакомисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Решено во Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура под број Ип. 1 бр. 57- 90/2021 од 05.01.2022 година.

Главен инспектор
со службена легитимација број


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk